Рев.бр.945/2007

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted], [redacted], [redacted] и м-р [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителот [redacted] од [redacted], против тужениот Република Македонија - Министерство за правда Скопје, за надомест на штета, вредност на спорот 1.000.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот, против пресудата на Апелациониот суд Скопје Гж.бр.3181/07 од 31.05.2007 година, на седницата одржана на ден 25.09.2008 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд во Велес со пресуда П.бр.260/06 од 23.01.2007 година, го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот да го задолжи тужениот да му надомести износ од 1.000.000,00 денари на име нематеријална штета поради претрпена душевна болка и поради повреда на честа и угледот со законска затезна камата сметано од 21.01.2007 година до конечната исплата, како и да му ги надомести трошоците по постапката во износ од 27.620,00 денари. Судот го задолжил тужителот на тужениот да му ги надомести трошоците во постапката во износ од 18.720,00 денари.

Апелациониот суд во Скопје со пресуда Гж.бр.3181/07 од 31.05.2007 година, ја одбил како неоснована жалбата на тужителот и пресудата на Основниот суд Велес П.бр.260/06 од 23.01.2007 година, ја потврдил.

Против ваквата пресуда ревизија изјавил тужителот преку својот полномошник [redacted], адвокат од Неготино, поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, првостепената и

второстепената пресуда да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување.

Одговор на ревизија не е поднесен.

Врховниот суд на Република Македонија по проучувањето на списите по предметот, наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторени суштествени повреди на одредбите од парничната постапка од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка, дека пресудите се нејасни, неразбирливи, противречни и без доволно образложени причини за решителните факти поради што истите не можат со сигурност да се испитаат.

Ова од причина што пресудите на двата суда се јасни, разбирливи и содржат доволно образложени причини за решителните факти па истите како такви можат да се испитаат.

Наводите истакнати во ревизијата дека пониските судови погрешно и непотполно ја утврдиле фактичката состојба, овој суд не ги зеде во разгледување од причина што согласно член 375 став 3 од Законот за парничната постапка, ревизија не може да се изјави поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.

Неоснован е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на пониските судови, според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија истите правилно го примениле материјалното право кога го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот за надомест на нематеријална штета поради претрпена душевна болка поради навреда на честа и угледот.

Согласно член 526 став 1 од Законот за кривичната постапка право на надомест на штета поради неоправдана осуда има лицето спрема кое била правилно изречена кривична санкција или кое е огласено за виновно, а е ослободено од казната, а подоцна по повод вонреден правен лек новата постапка правосилно е запрена или со правосилна пресуда е ослободен од обвинението, или обвинението е одбиено освен за следните случаеви: ако до запирање на постапката или пресудата со која обвинението се одбива дошло поради тоа што во новата постапка оштетениот како тужител односно приватниот тужител се откажал од гонењето или оштетениот се откажал од предлогот, а до откажување дошло врз основа на спогодба со обвинетиот и ако со

решение во новата постапка обвинителниот акт бил отфрлен поради тоа што судот не бил надлежен, а овластениот тужител го започнал гонењето пред надлежниот суд. Согласно ставот 2 од истиот член, осудениот нема право на надомест на штета ако по свое лажно признание или на друг начин намерно ја причинил својата осуда освен ако на тоа бил присилен. Согласно ставот 2 од членот, во случај на осуда на кривични дела во стек, правото на надомест на штета може да се однесува и на одделни кривични дела во поглед на кои се исполнети условите за признавање надомест.

Според членот 530 став 1 од горе наведениот закон, право на надомест на штета му припаѓа и на лицето кое било во притвор, а не дошло до поведување кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение или со правосилна пресуда е ослободен од обвинението или обвинението е одбиено; издржувало казна лишување од слобода, а по повод повторувањето на кривичната постапка, барањето за заштита на законитоста или барањето за вонредно преиспитување на правосилната пресуда му е изречена казна лишување од слобода во пократко траење од казната што ја издржал, или му е изречена кривична санкција која не се состои во лишување од слобода или е огласено за виновно, а е ослободено од казната; поради грешка или незаконита работа на органот неосновано или незаконито е лишено од слобода, или е задржано подолго во притвор или во установата за издржување на казната или мерката и во притвор поминало подолго време отколку што трае казната затвор на кое е осудено. Согласно ставот 2 од истиот член на законот, како лицето кое според член 204 од овој закон е лишено од слобода без законска основа му припаѓа право на надомест на штета ако против него не е определен притвор ниту времето за кое е лишено од слобода му е засметано во изречената казна за кривично дело или за прекршок. Согласно ставот 2, надомест на штета не му припаѓа на лице кое со свои недозволени постапки причинило лишување од слобода. Во случаите од точка 1 став 1 од членот 530 од горе наведениот закон, е исклучено правото на надомест на штета иако постоеле околностите од член 578 став 1 точка 1 и 2 или постапката е запрена врз основа на член 137 од Законот за кривичната постапка. Согласно ставот 4 од горе наведениот член, во постапката за надомест на штета во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член, согласно ќе се применуваат одредбите на оваа глава.

Правилно пониските судови го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот бидејќи со пресуда Прк.бр.2163/04 од 14.10.2004 година, на тужителот не му била изречена мерка лишување од слобода во пократко траење од казната која што ја издржувал ниту пак му била изречена кривична санкција која не се состои во лишување од слобода ниту пак бил огласен за виновен, а ослободен од казната во смисла на одредбата од членот 530 став 1 од Законот за кривичната постапка.

Според мислењето на Врховниот суд на Република Македонија, правилно пониските судови утврдиле дека изрекувањето на мерката за безбедност - задолжително лекување на алкохоличари и наркомани била

оправдана и по престојот на тужителот во Неуропсихијатриската установа се постигнала целта на лекувањето, поради што со пресуда Пр.бр.9161/04 од 19.05.2005 година, мерката за безбедност била прекината. Ова од причина што според лекарскиот наод и мислење се утврдило дека постои подобрување кај тужителот и дека со престојот во Неуропсихијатриската установа се постигнала целта за која била изречена мерката.

По мислењето на овој суд правилно нониските судови го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот да се задолжи тужениот на тужителот да му надомести износ од 1.000.000,00 денари на име нематеријална штета поради претрпени душевни болки поради повреда на честа и угледот.Имено, во текот на постапката било утврдено дека во конкретниот случај не биле исполнети условите за примена на одредбите од член 526 и 530 од Законот за кривичната постапка, поради што било одбиено тужбеното барање на тужителот како неосновано.

Овој суд ги имаше во предвид наводите во ревизијата, а кои се однесуваат на тоа дека пониските судови не го зеле во предвид фактот дека во текот на повторувањето на прекршочната постапка истата била прекината од причина што таа не била нужна ниту пак тужителот имал потреба од лекување како алкохоличар. Ваквите наводи се неосновани од причина што изрекувањето на мерката за безбедност - задолжително лекување на алкохоличари и наркомани била оправдана, а по престојот на тужителот во соодветната установа била постигната целта на лекувањето поради што мерката безбедност била прекината.

Судот ги ценеше и останатите наводи во ревизијата но најде дека истите се без влијание за поинакво одлучување, поради што следуваше ревизијата да се одбие како неоснована согласно член 384 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 25.09.2008 година под Рев.бр.945/2007.

Претседател на советот - судија
[redacted]

За точноста на отправокот - т в р д и: секретар

СН/